СМРТ НА ФАШИЗМОТ — СЛОБОДА НА НАРОДОТ

ПОШТАРИНАТА Е ПЛАТЕНА ВО ГОТОВО

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА ФЕДЕРАЛНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 17 | Скопје, субота 1 септември 1945 год. | Год. I

Службен весник на федерална Македонија излегуе повремено. Ракописите се пракјат на адреса: Службен весник на федерална Македонија — Скопје. Ракописите не се вракјат

Цена 2 динари од табак. Претплата за 6 месеци 110 динари. Огласите се приемат по тарифата, објавена во Службен весник бр. 10. Чековна сметка бр. 83-109.

# ЗАКОНИ

108

**По предложение на Председништвото на Народната влада на Д. Ф. М., Президиумот на Народното собрание на Македонија на своето заседание одржано на 30 август 1945 година, донесе следниот**

## ЗАКОН
## ЗА ТЕРИТОРИЈАЛНА ПОДЕЛА НА ФЕДЕРАЛНА МАКЕДОНИЈА НА ОКРУЗИ

Чл. 1. — Териториално Федерална Македонија се дели на четири округа и град Скопје како засебна единица и това:

Град Скопје, седиште гр. Скопје
Скопски округ со седиште во гр. Скопје.
Велешки округ со седиште во гр. Велес
Штипски округ со седиште во гр. Штип
Битолски округ со седиште во гр Битола

Чл. 2 — Посочените во чл. 1 окрузи териториално обхвануват и това:

Скопски округ досегашните Кумановски и Тетовски окрузи заедно со Скопската и Дебарската околија.

Велешкиот округ досегашниот велешки округ;

Штипски округ досегашните Штипски и Струмички окрузи, и

Битолски округ досегашните Битолски, Прилепски и Охридските окрузи без Дебарска околија.

Град Скопје како засебна единица териториално обхванува и селата који влегуват во составот на Скопскиот Градски народен одбор и това: Горно Водно, Долно Водно, Горно Нерези, Долно Нерези, Визбергово, Бутел, Тахталидже, Кисела вода и Кирамиджиница.

Чл. 3 — Град Скопје се дели на четири рена.

Чл. 4 — Се овластува Народната влада на Д. Ф. М. со Уредба да го определи бројот и териториалните подрачја на околиите и, доколкува со това определуване се наложи, да изврши евентуални корекции на териториалните подрачја на ново формираните окрузи.

При определуването на границите на околиските териториални подрачија, ке се имат во предвид не само стопанските и саопштителните условија, но и тежнението на околите, по својата големина и бројот на населението, да бидат приблизително еднакви.

Чл. 5 — Со влегуването во сила на овој Закон, престанува да важи досегашната повелба на Президиумот на Асном од 6 II 1945 год. за привремената административна подела на Македонија на окрузи .

Чл. 6 — Исполнението на овој Закон се предоставува на Народнат авлада на Демократска федерална Македонија.

Чл. 7 — Овој Закон влегува во сила со денот на неговото објавуване во „Слежебен весник на Д. Ф. М.“.

Секретар, **Д-р Б. Спиров с. р.**

Претседател, **М. Андонов Ченто с. р.**

109

## ВРЕМЕНИ НАПТСТВИЈА ЗА НАРУШЕНИЈА

### ОПШТИ НАРЕЖДАНИЈА

1. — Нарушенија во смисол на од времениот Правилник за организациите и функциите на Народната милиција са сите непозволени и противозакони дејствија од леко естествено, чиито последствија са: штети и вреди на општите и часни интереси, вреди по одношение на имотот и личноста, а не подпадат под категоријата на претсапленијата.

2. — Согласно точка прва на овија времени напаствија имаме нарушенија:

а) по отношение на личноста;

б) по одношение на имотот;

в) по отношение на општото движение;

г) по отношение на добрите обичани и обштествениот морал и

д) по отношение на наредбите на Народната власт.

## НАРУШЕНИЈА ПО ОТНОШЕНИЕ НА ЛИЧНОСТА

3. — Ако некој, безправно и своеволно нападне некого со думи или дела, а од това нема тешки последствија за нападнатиот, нападачот се наказва со парична глоба од 100 до 5000 динари.

При повторен случај глобата се налага во двоен размер.

4. — Подбудителот и помагачите се наказват во истиот размер со извршителот.

Ако подбудителот подбуди малолетни или умно ограничен, да изврши нарушение предвидено во з, се наказва со парична глоба од 200 — 700 динари.

5. — Ако некој нарушава нокјниот мир на грагјаните со викови, песни свирки и др. се наказва со присилна работа од 1 — 3 дни и со глоба од 50 — 500 динари.

При повторен случај наказанието се налага во двоен размер.

6. — Ако некој своеволно лиши некого од слобода, го затвори дома или на друго место, се наказва со присилна работа од 1— 3 дена и со глоба од 250 — 500 динари а на пострадалиот плакја сразмерна оштета.

При повторен случај наказанието се налага во двоен размер.

## НАРУШЕНИЈА ПО ОТНОШЕНИЈА НА ИМОТОТ

7. — Ако некој најде тугја вешт на пат, на улица или каде и да било должен е да ја предаде во месниот народен одбор. Не постапи ли така, ке биде наказан со 1 — 3 дена присилна работа или со 50 до 150 дин. глоба и вракјање на вешта. Ако е оштетил најдената вешт ке биде наказан со сразмерна оштета на собственикот.

8. — Ако некој безправно и противзаконо затвори тугј добиток ке биде наказан со 1 — 5 дена присилна работа или со 50 — 200 дин. глоба ако од това не е последвала некаква штета за добитокот и стопанинот му. Во противен случај и со сразмерна оштета.

9. — Ако некој безправно и противзаконо пустне својот добиток да пасе во тугј имот ке се накаже со глоба од 150 — 250 дин., за плати на сопственикот штетата која ке се прецени од специална тричлена комисија, определена од Народниот одбор.

Ако од това е последвала и друга штета, како кршење и упропастување на овоштија лили други дрвета, на лози и зеленчукови градини и др., освен плакјането на штетата ке се накаже со глоба од 300 — 700 динари.

10. — Ако некој направи пат — бразда или јаз во тугј имот или пак ги размести мегјите (границите) во тугј имот, без зла намера, ке се накаже со 100 — 500 дин. глоба и ке му се наложи да востанови на свој разноски старото положение.

Ако е последвала и друга штета од това негово дејание и ако е било со зла намера оштетениот ке се отнесе до редовниот Нарородн суд.

11. — Ако некој влезе во тугј имот, безправно и бере плодови, ке се накаже со глоба од 50 — 150 дин. и плакјането на собственикот стојноста на обраните плодови.

12. — Ако некој своеволно и безплатно оштети (кубе, крши, вади, кастри) тугји дрвчиња, лози и други полезни растенија се наказва со глоба од 200 — 1000 дин. и да плати направената штета.

13.— Ако некој случај запали тугјо сено, слама, снопови и др. а да бил повнимателен могла да се избегне штетата ке се накаже со глоба до 250 дин. и со пакјането на собственикот штетата, ако причинената штета не е поголема од предвидената глоба. Во противен случај оштетениот ке се однесе до редовниот Народен суд.

## НАРУШЕНИЈА ПО ОТНОШЕНИЕ НА ОПШТОТО ДВИЖЕНИЕ

14. — Ако некој постави на улицата или на патот какви и да е материјали или на тротоарите изнесе сергии и др. без позволата на власта, а со това се пречи на движението, ке се накаже со парична глоба од 250 — 800 динари.

15. — Ако некој изкопа јама пред својата кукја или дукјан со намерение да изврши некои направки, без да има специална дозвола за това од власта, а јамата не ја обележи со видни знаци, за дасе спречат несрекјни случаи, ке се накаже со присилна работа од 1 — 5 дена и со глоба од 500 — 1500 дин. и ке се принуди да постави знаци и огради јамата.

16. — Ако во таква неоградена јама се случи несрекја, собственикот одговара пред редовниот Народен суд према тежнината на случајот.

17. — Ако некое здание е наклонено на падане се поканує собственикот да го поправи и осигури и требе веднага да пристапи кон осигурване. Ако не стори това ке се накаже со присилна работа од 3 — 5 дена и со глоба од 500 — 2500 дин.

18. — Ако следствие на немарливоста на собственикот зданието падне и се случи несрекја, одговорен е пред сответниот Народен суд спрема тежнината на несрекјата.

19. — Секој е должен да чисти пред својата кукја, во дворот, во својот дукјан и пред дукјан. Ако некој се огреши и држи во нечистота предните обекти ке се накаже со глоба од 50 — 250 дин.

20. — Гостилничарите, крчмарите, кафеџиите и др. собствениците на подобни заведенија се одлжни да држат ред и најстрога чистота во својте заведенија и да не употребуат и сервираат развалени продукти. Во противен случај ке се накажат со присилна работа од 2 — 5 дена, со парична глоба од 500 — 2000 дин. и во по-тешки случаи со затворване на локалот до 3 месеца.

## НАРУШЕНИЈА ПО ОТНОШЕНИЕ НА ДОБРИТЕ ОБИЧАИ И ОПШТЕСТВЕНИОТ МОРАЛ

21. — Проституцијата, пијанството, азарните игри, профанисаната музика, обидите против добрите обичаи се забранени.

22. — Проституцијата во сите нејни пројави: педерастна, активна и пасивна, прељубодејание, саблазан на јавни места и др. се наказват најстрого од страна на Народната милиција, локалните и помештенијата се затварат, а против собствениците — државелите се приложујат закони мерки и санкции.

23. — Должност се налага на Народната милиција да следи сите лице који се огрешат по точките 21 и 22 и да ги предаваат на редовниот Народен суд.

24. — Ако некој изложи во дукјанот, излепи по улиците или разпространјава по каков и да било начин порнографски цртежи, писма и т. н. се наказва со парична глоба од 100—500 дин.

При повторен случај лицето се предава на редовниот Народен суд.

25. — Ако некој со думи, знаци и дела обижда добрите обичаи и моралот се наказва со глоба од 50—150 дин.

Во повторен случај наказанието се налага во двоен размер.

26. — Профанисаната и предизвикателна музика е забранена. Не смее да се пее по јавни локали, улици и др.

27. — Локал во који се пее и свири, музика со профанисано или порнографско содржание или со содржание кое обижда националните чувства и предизвикуе омраза меѓу народите, ке биде затворен од 1—3 мес. а собственикот ке се накаже со глоба од 100—5000 дин.

28. — Азардните игри (комарот) е забранен во сите негови видови.

29. — Содржателот на јавен локал, кој позволјава да се игра во неговиот локал комар, се наказва со глоба од 500—1000 дин.

При повторен случај наказанието се налага во двоен размер.

30. — Лицата који са заловени да играат комар се наказват со глоба од 200—500 дин. секој, а парите и останалите работи, предмет на комарот се конфискуваат.

При повторен случај наказанието се налага во двоен размер.

31. — Ако некој наговоруе некого да игра комар, и овој го послуша, и двајцата се наказват со глоба од 200—500 дин. секој, а предметите на комарот се конфискуваат.

Ако наговорениот не е послушал, наговорителот се накажуе со глоба до 500 дин.

32. — Ако некој наговарва малолетник да игра комар и наговорениот го послуша, наговорителот се наказва со присилна работа од 1—3 дена и со глоба од 100—500 дин., а предметите на комарот се консискуват.

На малолетниот се дава нужните совети и напатствија.

Ако наговорениот не е послушал, наговорителот се наказва со присилна работа до 3 дена и со глоба до 250 дин.

33. — Како азардни игри се сметаат разни томооли, лотарии и др. ако за нив нема специално разрешение од Народната власт.

## НАРУШЕНИЈА ПО ОТНОШЕНИЕ НА НАРЕДБИТЕ НА НАРОДНАТА ВЛАСТ

34. — Неизполнението на наредби издадени од Народната власт може да биде умислено или неумислено. Умислено неисполнение е престапление кое се наказва од редовниот Народен суд, а неумислено неизполнение е нарушение.

35. — Ако некој не се отзове на поканата на Народната власт се наказва со глоби од 50—250 дин.

При повторен случај се наказва во двоен размер.

36. — Ако некој наговара некого да не се отзове на поканата на Народната власт се наказва со наказание предвидено во предходната точка 35.

Ако наговорениот не се отзовал на поканата за прв пат се наказва согласно предходната точка — 35.

Во повторен случај и едниот и другиот се наказват во двоен размер.

37. — Ако некој наговарва малолетник да не се отзове на поканата на Народната власт и наговорениот не се отзове, наговорителот се наказва со парична глоба од 200—500 дин.

Во повторен случај глобата се налга во двоен размер.

38. — Ако од неотзоваването на поканата на Народната власт е последвала штета на Народните интереси или пак е бил изложен престижот и авторитетот на власт, јавно, одговорниот се предава на редовниот Народен суд, од како ке се постапи по разпоредбите на времениот Правилник за организирането и функцијата на Народната милиција.

39. — Ако некој кине објавите на Народната власт или нешто допишува на нив или брише од нив, се наказва со присилна работа од 2—5 дена, со глоба од 250—500 дин., ако од кинењето, бришењето или допишуването не е последвало умишлено дело.

Ако од това негово дејание има потешки последствија, т. е. ако е умишлено се постапва согласно предходната точка.

40. — Ако некој подбужда некого или му помага да постапи по изложеното во точка 39 на овија времени напатствија се наказва по првата алинеја на точка 35 од истите, ако делото не е извршено. Ако пак делото е извршено, наговорителот се наказва согласно точка 39, а наговорениот извршител се наказва со глоба од 150 — 350 дин.

Во повторен случај наговорителот се наказва во двоен размер, а наговорениот со присилна работа до 5 дена и со глоба до 500 дин.

41. — Ако некој наговарва малолетник да изврши дело по точка 40 и малолетниот послуша, против наговорителот се постапеа по точка 39 а на малолетникот се даваат нужните совести и напатствија.

ПРЕТХОДНИ НАРЕЖДАНИЈА

42. — Во случај на невозможност да се собере паричната глоба, пред се, се заменуе со присилна работа во размер: еден ден присилна работа за секои 50 динари.

43. — Паричните глоби, конфискуваните пари и предмети од комарот, се собират во полза на културно-просветниот фонд при Министерството на внатрешните работи на Демократска федеративна Македонија.

44. — Ако нарушителот и по трет пат го изврши истото нарушение, ќе се предаде на редовниот Народен суд.

45. — Овие времени напатсвија влег)уват во сила од денот на нивното објавуваа во Служебен весник на федерална Македонија.

Министер
^ на Внатрешните работи
К. Петрушев с. р.

# НАРЕДБИ

110

МИНИСТЕРСАВОТО НА ГРАДЕЖИТЕ

НАРЕДБА бр. 151

По одлуката на Привремениот савет на Демократска федеративна Југославија бр. 196 од 10 VII 1945 година, а во врска со актот на Сојузното министрество на градежите бр. 3711 од 3 VII 1945 г.

НАРЕДУВАМ

1) Да се електромашинското оделение при Министерството на градежите на федерална Македонија расформира а отсеци за електрификацијата и техничката контрола се префрлат во Министерството на индустријата и рударството на федерална Македонија, заедно со сите окружни електромашинеки референти.

2) Аутомобилниот отсек се расформируе гуо-оади формирањето на Федерално аутомобиеко преднриjатие за Македонија — ФАП.

3) Во составот на хидротехничкото оделение се формира отсек за хидроцентрали, кои ќе врши проектирањето изведувањето на истите, а исто така и ќе води контрола над нив. Поменатиот отсек ќе ги врши сите електромашински служби за архектурното и хидрстехничко оделение како и подржавањето на сите градежи машини (влакови), багери, компресори и т. н.) при оделението на патиштата.

4) Контролата над Федерално електрично предприатие за Македонија, ќе врши Министерството на индустријата и рударството на Федерална Македонија.

Оваа наредба да се изврши веднага и да се испрати од сите окружни технички отделии се објави во „Службен весник" на Федерална Македонија.

Министер на градежите
инж. Г. Василев, с. р.

111

НАРЕДБА БР. 152

Во врска со наредбата бр. 152 од 24-УШ-1945

НАРЕДУВАЛ!

1) За ш еф на остекот за хидроцентрали при хидротехничкото оделение др. инж. Цветко Стојанов, досегашен Началник на електромашинското оделение;

2) За електромашински инжинер при истиот отсек др. инж. Георги Пољаков.

3) Др. Инж. Стефков и техникот Никола Тодоров, како и сите електро-машински референти при окружните народни одбори се префрлуат во Министерството на индустријата на федерална Македонија.

Министер на градежите
инж. Г. Василев, с. р.

# ОГЛАСЕН ДЕЛ.

Оглас

По барањето на инж. Бранислав Протич од Краљето се покрена поступок при овој суд, за поништуење на вложна книшка бр. 2508 издадена од Државна хипотекарна банка — филијал Скопје на динара 49.796 Се поканують секој кој е имат горната книшка да во рок од еден месец од објавуењето на овој оглас во службен весник на федерална Македонија је предаде на овој суд, или да стави приговор за нејното уништување.

След овој рок истата ќе биде прогласена за поништена.

Од Скопскиот околиски Народен суд.
Бр. 228/45 бр. 13

Оглас

По барањето на Цена Емануилова Бојаджиева од гр. Скопје, ул. 235а Ќе 7а при овој Околиски Народен суд, се покрена поступок за поништуењето на потврдата издадена од главната комисија за истеглуење и-заменуење на окупационите бонкноти во Скопје серија В Ме 024.123, а на сума од 364.000 србски динари.

Се поканува лицето кој ја има горната потврда да во рок од еден месец, од објавуење на овој оглас во службен весник на федерална Македонија ја внесе во овој суд или да стави приговор за нејното поништуење, оти след овој рок потврдата ќе се прогласи за поништена.

Од Скопскиот околиски Народен суд.
1687/45 г. бр. 14

ОД РЕДАКЦИЈАТА

Се молат сите окружни народни одбори да својте сметки со редакцијата на „Службен весник" на федерална Македонија ги ликвидира нај-касно до 15 септември 1945 г.

Предплатниците на службен весник, да својата предплата за друго полугодие е испратат чрез чекова сметка бр. 83 109 во токот на овој месец. След овој рук ќе се обустави пракјането на листот на сите тија предплатници кој не ликвидирале со предплатата за I и Н-то полугогје.

" Штампа: Државна печатница „Гоце Делчев" - Скопје